РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН
Бр. 01-154/1
18.07.2024 год.
НОВ ДОЈРАН

ООУ„Кочо Рацин“-Нов Дојран

Ул.„Моша Пијаде“ бр.14, Нов Дојран

Тел:034/227-237 mail: kracin_dojran@yahoo.com

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ„КОЧО РАЦИН“ –НОВ ДОЈРАН ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА



ООУ„Кочо Рацин“-Нов Дојран

Ул.„Моша Пијаде“ бр.14, Нов Дојран

Тел:034/227-237 mail: kracin_dojran@yahoo.com

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ„КОЧО РАЦИН“ –НОВ ДОЈРАН ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА



***СОДРЖИНА:***


*1 .Вовед-----------------------------------------------------------------------------------------------------3*

*2. Услови за работа---------------------------------------------------------------------------------------4*

*3. Подготвеноста на училиштето за работа во почетокот на учебната година-----------4*

*4. Планирање, реализација и унапредување на воспитно образовната дејност---------------4*

*5. Успех на учениците на крајот учебната 2023/24 година---------------------------------------13*

*6. Соработка со родителите--------------------------------------------------------------------------19*

**ВОВЕД**

Врз основа на член 122 алинеја 2 став 8 од Законот за основно образование (Службен весник на Р.Македонија бр.161 од 5 август 2019 година) како и член 12 алинеја 4 од Статутот на училиштето со цел да се даде информација за одделните подрачја од дејноста, како и за постигнатите резултати, успеси и поведенија на учениците по предлог на Директорот на училиштето на ден 05.07.2024 Наставничкиот Совет го разгледа и усвои Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2023/24 година.

Појдовна основа за изготвување на Годишниот извештај се:

-Годишна програма за работа на училиштето

-Годишна програма за работа на раководниот и стручниот кадар, тела и органи за тековната учебна година

-Документацијата за нивната реализација

-Статистички прегледи и извештаи за бројот и опфатеноста на учениците и паралелките

-Условите за работа и успехот и поведението на учениците

-Реализацијата на плановите и програмите за наставата и воннаставните активности и другата стручна и педагошка дејност.

## 2. Услови за работа во училиштето

Општинското основно училиште „Кочо Рацин“ е лоцирано на улица„Моша Пијаде“ бр.14 во Нов Дојран и опфаќа ученици од Нов Дојран, и населените околни места Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели.

Во сите подрачни училишта (Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели) одделенската настава се изведува во комбинирани паралелки со исклучок на централното училиште во Нов Дојран и прво одделение во ПУ Николиќ каде наставата се изведува во чисти паралелки.

Ова учебна година започна на 01.09.2023(петок) година од I до IX одделение и наставата се изведува со физичко присуство.

## 3. Подготвеноста на училиштето за работа во почетокот на учебната година

Училишните згради ги задоволуваат основните потреби за одвивање на настава со физичко присуство за реализација на воспитно-образовниот процес и изведување на настава. Од материјално-технички аспект училиштето во Нов Дојран и сите ПУ навремено беа подготвени за почетокот на учебната година.

## 4. Планирање, реализација и унапредување на Воспитно-образовната дејност

Според Календарот за работа за учебната 2023/24 година која започна на први септември а завршува на 31 август 2024 година, а пак наставната година започна на 1 септември 2023 год. и завршува на 17 јуни 2024 година со навремено планирање од страна на сите наставници во сите подрачја. Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година по предлог на Училишниот одбор беше донесена и доставена до советот на Општина Дојран и истата беше навремено усвоена.

Според Календарот за работа во учебната 2023/24 година, планирани се 180 наставни работни денови, а во првото полугодие се реализирани 82 наставни и работни денови а во второто полугодие 98 наставни и работни денови.

Наставниците изработуваат дневни подготовки и сценарија за час  кои ги содржат следниве компоненти: наставна тема, наставна единица, тип на часот, цели на часот, форми, методи, средства, план за текот и завршен дел на часот.

Директорот и стручната служба во текот на првото полугодие од оваа учебна година вршеа увид во успешното реализирање на предвидените планови и програми за работа, применување на современи форми и методи на работа, односот на вработените кон учениците и родителите, навремено извршување на сите обврски на воспитно-образовниот кадар предвиден со Законот.

Наставата како најорганизирано и планско образование се организираше и реализираше според  наставните планови и програми изработени од БРОМ  за задолжителни и изборни предмети што се изучуваат по одделение. Со почетокот на минатата и оваа  учебна 2023/24 почна да се применува и новата Концепција за основно образование,  во прво, второ, трето, четврто, петто  и шестто одделение. Наставни програми по сите предмети се веќе изработени од страна на Бирото за развој на образованието. Придобивките се намален број предмети, нивно интегрирање и можност на учениците да избираат предмети со што се почитуваат нивните интереси и се овозможува развој на нивните потенцијали. Целта на оваа Концепција е она што учениците го учат да можат да го поврзат со секојдневниот живот и тоа е водечкиот принцип по кој се креирани наставните програми. Тие се темелат на инклузивност, родова сензитивност/ рамноправност и интеркултурност т.е. подобрена интеретничка интеграција.

Во учебната  2023/24 година запишани се вкупно 248 ученика и тоа 141 во одделенска настава и 107 ученика во предметна настава  од  кои  девет    ученици се со посебни образовни потреби. Од оваа учебна година во нашето училиште за двајца ученици со посебни образовни потреби (во Фурка и Ѓопчели) се ангажирани образовни асистенти кои работат со овие деца. Со започнување на процесот на иновирање на основното образование, постигањата на учениците во воспитно образовниот процес, од прво, второ, и трето, четврто, петто и шесто  одделение континуирано се следеа, проверуваа, опишуваа и описно беа оценети во првото полугодие, а учениците од седмо, осмо и деветто одделение беа оценети бројчано.

Според новата концеција за основно образование на учениците од вториот и третиот период на основно образование (III-IX)одделение им беше понудено да изберат од четири категории слободни изборни предмети по еден во секое полугодие. Во првата категорија се предмети за продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети. Втората категорија предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети. Во третата категорија се слободни изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците а во четвртата се изборни предмети од спортско-рекреативен карактер.

Во нашето училиште во четврто одделение за првото полугодие во соработка со родителите беше избран предметот математика со логичко размислување (резонирање ) а за второто полугодие фудбал, додека за петто одделение избран е готварство а за второ полугодие оригами.

Како изборни предмети учениците оваа учебна година ги изучуваа следните предмети:

- Во шесто одделение го изучуваат предметот Класична култура на европската цивилизација
- Во седмо одделение го изучуваат предметот Вештини на живеење
- Во осмо одделение го изучуваат предметот Танци и народни ора
- Во деветто одделение го изучуваат предметот Истражување на родниот крај

На 01.09. 2023 година беше прв среќен училишен ден , им посакавме радост и добредојде на нашите вредни првачиња како и среќа и успеси на другите ученици кои оваа учебна година настава следат во нашето училиште . Се приреди свечен прием за првачињата кои за прв пат седнаа во училишните клупи и зачекорија во светот на знаењата.

Во месец септември на 21.09.2023 година „Европската недела на спортот 2023", учениците од IV-IX одделение при ООУ„Кочо Рацин“- Нов Дојран ја одбележија со возење велосипед на релација Нов Дојран-Стар Дојран-Нов Дојран под менторство на наставникот по ФЗО Драган Вурмо.

Првата недела од месец октомври е детска недела. Со презентации, музички изведби, претстави, игри и спортско-рекреативни активности во периодот од 02.10.2023 до 06.10.2023 година учениците од ООУ„Кочо Рацин“ ја одбележаа Детската недела којашто оваа година е под мотото„Јас и светот околу мене“.

По повод Светскиот ден на учителот за учениците од прво до петто одделение беше распишан конкурс за литературна и ликовна творба на тема „Мојот учител/Мојата учителка“ а исто така по тој повод учениците од шесто до деветто одделение твореа на тема „Мојот учител, моја инспирација“. Комисијата одлучи да ги награди следните ученици:

Литературен конкурс:
1 место - „Мојата учителка“ – Бојана Мазнова V одд.
2 место - „Мојата учителка“ – Ѓорге Упчев V одд.
3 место - „Мојата учителка“ – Атанас Гогов IV одд.

Ликовен конкурс:
1 место - Зоран Кортов IV одд.
2 место - Анастасија Шулева III одд.
3 место - Елена Џинова IV одд.

Литературни творби: VI одд.- IX одд.
1 место – Босилка Стојанова IX-Б одд.
2 место – Илија Николиќ VI-Б одд.
3 место – Лара Танова VI-А одд.

Месецот на книгата кој веќе традиционално се одбележува секоја година од 15 Октомври до 15 ноември во училиштата а со цел да се придонесе за популаризација на читањето меѓу учениците беше одбележан и во нашето училиште со низа активности.

Прва активност по тој повод беше распишување на литературен конкурс во кој земаа учество учениците од шесто до деветто одделение. Комисијата ги награди следните ученици:

1 место-Јована Максимова седмо б одделение
2 место-Ружица Донева седмо б одделение
3 место-Армине Салија шесто б одделение
Благодарница:Анастасија Јанкулова

Втората активност  се реализираше во „Есенското книжевно катче“, уредено од учениците од ООУ „Кочо Рацин“ од Нов Дојран. Топло добредојде му посакавме на нашиот драг и ценет поет Стефчо Стефанов – Аџамија кој ги поттикна учениците и тие да земат пенкало и празно ливче хартија и да започнат да пишуваат со полно трпение и уживање.

Воедно дел од учениците се претставија со свои лични поетски творби, инспирирани од убавините на златната есен. Оваа поетска средба беше завршена со мислата „Книгите секогаш ќе останат во мода, а луѓето кои го следат тој тренд знаат дека секоја книга има посебна приказна која треба да биде прочитана“. Во месецот на книгата наши ученици беа во посета на градската библиотека „Гоце Делчев“ во Валандово како и во студиото на радио Валандово со цел запознавање  и развивање на медиумската писменост кај учениците.

По повод 5 ти Ноември(денот на ослободувањето на Дојран) беше распишан конкурс за учениците од шесто до деветто одделение а за учениците од прво до петто одделение се реализираше работилница(25.10.2023)година  за изработка на  ликовни творби автентични за Дојран и Дојранското езеро. Наградени на работилницата се следните ученици:
1 место-Сузана Јанкулова - петто одделение
2 место-Валерија Ангова- второ одделение
3 место-Љупчо Стоиловски-четврто одделение

Наградени ученици на распишаниот литературен конкурс се :
1 место - Михаела Ајцева VIII одд.
2 место - Љупчо Стоев VIII одд.
3 место - Кирил Узунов VII одд.

По истиот повод беше организиран училишен крос и претставување со музички изведби на училишниот хор во градскиот парк во Нов Дојран.

На 07.11.2023 година, на спортските терени при ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран, се одржаа Меѓуопштински натпревари во футсал (женски/машки), ракомет (машки) и одбојка (женски/машки) помеѓу екипите на Дојран, Валандово и Богданци организирани од страна на Федерацијата на училишен спорт на Македонија (ФУСМК).
Екипата во одбојка (машки) при ООУ „Кочо Рацин“ победи во натпреварот со разлика 2-0.

На 01.12.2023 година беа одржани зонски натпревари во одбојка (машки) за основни училишта помеѓу Велес, Дојран и Гевгелија.
Резултати:
1 место - Велес;
2 место - Дојран;
3 место – Гевгелија

По повод 21 Февруари - Светскиот ден на мајчиниот јазик, за учениците од шесто до деветто одделение при ООУ „Кочо Рацин““ - Нов Дојран беше распишан литературен конкурс на тема „ Мајчиниот јазик-мојот корен,моето јас.
По истиот повод јазичниот актив при ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран реализира свечен настан во главниот училишен хол каде учество земаа поголем број ученици од предметна настава, со пригодно избрани активности од страна на јазичниот актив. Целта на настанот беше да се одбележи Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, со што го мапиравме и нашето училиште како организатор на свеченост за одбележување на денот.

Одделенскиот актив од нашето училиште расписа Конкурс за најдобра ликовна и литературна творба по повод 8 Март - Меѓународниот ден на жената, за учениците од прво до петто одделение.

Комисијата одлучи да ги награди следните ученици:
Литературен конкурс:
1 место - „Мајка“ - Звонко Цинев V одд.
2 место - „Мајка“ - Македонка Терзиева V одд.
3 место - „Мојата мајка“ - Катерина Донева IV одд.
Ликовен конкурс:
1 место - Љупче Гаврилов I одд.
2 место - Анастасија Јанкулова III одд.
3 место - Васил Кочев II одд.

Поради големиот број на креативни изработки, комисијата одлучи да им бидат доделени ПОФАЛНИЦИ на следните ученици:

Јована Маказчиев I одд.
Марија Илиева I одд.
Дарија Маказчиев I одд.
Стефан Џинов I одд.
Антониј Мазнов I одд.
Кирил Макашчиев I одд.
Георги Тунев I одд.
Нина Илиева II одд.
Снежана Тончева II одд.
Христијан Кречев II одд.
Антонио Узунов II одд.
Вероника Кадиева III одд.
Димитар Николов III одд.
Мики Стамов III одд.
Елена Џинева IV одд.
Наталија Тасева IV одд.
Јана Бошнакова IV одд.
Зоран Кортов IV одд.
Сузана Јанкулова V одд.
Љупче Јовановски V одд.
Весна Кочева V одд.
Јована Илиева V одд.

„Зошто е важна здравата исхрана“ беше темата на предавањето кое на 18 октомври се одржа во ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран од страна на нутриционистот и лекар по природна медицина Валентина Глигорова.

Учениците внимателно го проследија целото излагање, научија рецепти за здрави оброци и ветија дека ќе јадат многу овошје и зеленчук.

Во месец ноември учениците од деветто одделение од нашето училиште присуствуваа на предавање од страна на Црвен крст за укажување прва помош и заштита од повреди.

Месец декември, месец во кој сè што сакаме е забава, подароци, убави мигови со саканите и спомени што засекогаш ќе ги чуваме. Дојде декември и го означи почетокот на празниците, забавата и хуманоста!

Во пресрет на новогодишните и божиќните празници, во нашето училиште се реализираа повеќе активности во знакот на песната, играта и забавата. Се одржа традиционалната Новогодишна претстава (27.12.2023) година, новогодишни базари и претстави во подрачните училишта, новогодишни работилници како и најпосакуваната за децата новогодишна лотарија. Месецот го завршивме со вклучување на нашето училиште во големата кампања на Фондацијата Елеуса „Подари дел од твојата трпеза - нахрани гладен“

Нашите ученици од Нов и Стар Дојран, Николиќ, Ѓопчели, Црничани и Фурка се вклучија и донираа разновидна нерасиплива храна за подготовка на хуманитарните пакети коишто ќе се испраќаат до најзагрозените семејства во Општината.

На ден 23.02.2024 година се одржа општински натпревар по Природни науки на кој учествуваа следните ученици од четврто одделение:
Јана Бошнакова - I критериум
Наталија Тасева - II критериум
Ментор: Јована Костадинова-Гогов

На Регионалниот натпревар по МАТЕМАТИКА, кој се одржа на 02.03.2024 год., нашите ученици ги постигнаа следните резултати:
IV одд.
Јана Бошнакова - I награда
Ментор: Јована Костадинова-Гогов
V одд.
Бојана Мазнова - II награда
Ментор: Драгица Маказчиев
VIII одд.
Љупчо Стоев - Пофалница и пласман на ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР
Ментор: Ѓорге Атанасов

На 5 Март го одбележавме - Светскиот ден за заштеда на енергија. Учениците проследија едукативно предавање од страна на наставничката Гордана Терзиева и учествуваа на работилница во којашто твореа и пишуваа пораки за заштеда на енергијата.

Први април е еден од најомилените денови на децата, ден кој се поврзува со прославата, забавата, шегата, смеењето и доброто расположение.

Во чест на 1 Април – Денот на шегата, нашите ученици, заедно со одделенските/класните раководители, организираа маскенбал во којшто ги претставија своите костими и маски, се забавуваа, пееја детски песнички и разменија низа досетки, шеги и трикови со неизбежното „Априлилили".

На Регионалниот натпревар по Природни науки, кој се одржа на 05.04.2024 год., нашите ученици ги постигнаа следните резултати:
IV одд.
Јана Бошнакова - I место
Наталија Тасева - III место
Ментор: Јована Костадинова-Гогов

Посетата на театарска претстава, доживувањето во театар е единствена можност да се почувствува магијата, да се поттикне развојот на чувството за уметност, култура, убаво однесување кај децата...

На 17 април учениците од шесто до деветто одделение присуствуваа на театарската претстава „Младиот чорбаџија", во ЈОУ Дом на култура „25 Мај" - Валандово.

На 26 април по повод најголемиот христијански празник Велигден во нашето училиште се организираше Велигденски Базар.

Од 29.04 до 07.05 учениците и вработените од нашето училиште користеа пролетен распуст.

Во текот на мсец мај согласно Законот за основно образование и наука вршевме упис на првачиња за учебната 2024/25 година. Вкупно запишани ученици се 24 од кои 23 ученика ќе следат настава на македонски јазик а еден ученик ке следи настава на турски наставен јазик во ПУ Ѓопчели.

Во месец мај учениците од нашето училиште од шесто до деветто оддление зедоа учество во Масовна еколошка акција ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2024 година.

На Регионалниот натпревар по Македонски јазик и литература, одржан во ООУ „Страшо Пинџур"- Неготино, во организација на Сојуз на ДМЈЛ, учество зедоа тројца ученици од нашето училиште:
Љупчо Стоев од осмо одделение, со освоени 78 поени, освои трета награда и пласман на Државниот натпревар.
Ментор: Ѓурѓица Чичанова
Михаела Ајцева од осмо одделение, со освоени 77,5 поени, освои трета награда и пласман на Државниот натпревар. Ментор: Ѓурѓица Чичанова
Босилка Стојанова од деветто одделение, со освоени 57 поени, освои Пофалница за учество на натпреварот.
Ментор: Марија Ангова Цветковска

Нашите ученици Михаела Ајцева и Љупчо Стоев од осмо одделение, се претставија и на Државниот натпревар по Македонски јазик и литература одржан во просториите на Филилошки факултет во Скопје.
Михаела Ајцева со освоени 65 поени и Љупчо Стоев со освоени 72,5 поени, под менторство на наставничката Ѓургица Чичанова, достојно го претставија нашето училиште и се стекнаа со признанието ПОФАЛНИЦИ за учество.

На 3 ти јуни положивме свежо цвеќе пред бистата на Кочо Рацин во Нов Дојран, по повод Патрониот празник на нашето основно училиште, кое го носи неговото име. По тој повод училиштето организираше и свечена приредба со учество на драмската секција и училишниот хор и оркестар под менсторство на наставничките по македонски јазик и музичка уметност и шоуменот Игор Џамбазов.

Крајот на учебната година го обележавме со посета на детскиот фестивал ,,Калинка"во Гевгелија.

На ден 15.06.2024 година, во просториите на ПМФ, се одржа Државен натпревар по предметот Природни науки на којшто нашата ученичка Јана Бошнакова од IV одделение освои 3 место.

ООУ ,,Кочо Рацин" - Нов Дојран за првенци на генерација 2023/24 ги прогласи Сара Катранџиева и Босилка Стојанова - ученички којшто ги заслужуваат сите најубави зборови и

пофалби упатени од страна на наставниците и соучениците за нивниот континуиран успех, примерно поведение, постигнати високи резултати на училишни, регионални и државни натпревари од различни области, секогаш подготвени за соработка и стекнување нови знаења, а притоа справувајќи се со сите предизвици.

На ден 12.12 2023 година се реализираше еднодневна екскурзија за учениците од трето до деветто одделение во Скопје. Оваа екскурзија е дел од планираните екскурзии и вонаставни активности за учебната 2023/24 година за ООУ„Кочо Рацин“,Нов Дојран.

Учениците од шесто одделение заедно со нивните класни раководители реализираа дводневна екскурзија низ источна македонија и посетија повеќе културно историски и спомен-обележја, значајни за нашата татковина.

Учениците од деветто одделение на 29 мај заедно со нивните класни раководители реализираа тридневна екскурзија и се запознаа со богатото национално и културно наследство на нашата татковина, а и ги проширија своите знаења преку воспитно-рекреативната и компензаторско-образовната функција на вонучилишните активности. Учениците од трето одделение, заедно со наставниците, на 3 јуни реализираа еднодневна екскурзија во Скопје и посетија повеќе културно историски и спомен-обележја, значајни за нашата татковина.

## 5. Успех на учениците на крајот на  учебната 2023/24година

Реализацијата, успехот и поведението на учениците во учебната 2023/24 година е прикажан табеларно.

Учениците од четврто и петто одделение на крајот во учебната 2023/24 година по предмети  покажаа среден успех од **4,52.**

Учениците од шесто до деветто одделение на крајот во учебната 2023/24 година по предмети  покажаа среден успех од **3,84**.

Средниот успех на ниво на училиште на крајот на учебната 2023/24 година изнесува **4,05.**

**Реализација на редовна настава по наставни предмети**

| **Планирани и реализирани часови по наставни предмети од I до V одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 4320 | 4320 | 100% |
| Македонски ј. За нац. | 144 | 144 | 100% |
| Англиски јазик | 2738 | 2741 | 100,10% |
| Математика | 5220 | 5224 | 100,07% |
| Природни науки | 2088 | 2091 | 100,14% |
| Општество | 612 | 612 | 100% |
| Ликовно образование | 1044 | 1044 | 100% |
| Музичко образование | 1044 | 1044 | 100% |
| ФЗО | 3132 | 3140 | 100,25% |
| Техничко образование и информатика | 648 | 648 | 100% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историја и оппштество | 864 | 864 | 100% |
| Турски јазик | 900 | 904 | 100,44 |

| **Планирани и реализирани часови по наставни предмети од VI  до  IX** | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 1008 | 1012 | 100,3 % |
| Француски јазик | 504 | 504 | 100 % |
| Англиски јазик | 756 | 761 | 100.6 % |
| Историја | 360 | 362 | 100,5 % |
| Математика | 1008 | 1008 | 100 % |
| Географија | 432 | 432 | 100 % |
| Граѓанско образование | 108 | 108 | 100 % |
| Физика | 216 | 216 | 100 % |
| Биологија | 360 | 360 | 100  % |
| Хемија | 216 | 216 | 100 % |
| Ликовно образование | 252 | 252 | 100 % |
| Музичко образование | 252 | 254 | 100,7 % |
| ФЗО | 756 | 761 | 101,1 % |
| Техничко образование и информатика | 40 | 40 | 100 % |
| Природни науки | 216 | 216 | 100 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информатика | 176 | 178 | 100,13 % |
| Етика | 72 | 72 | 100 % |
| Класична култура во европск.цивилизации | 72 | 72 | 100 % |
| Истражување на родниот крај | 144 | 144 | 100 % |
| Иновации | 72 | 72 | 100 % |
| Вештини на живеење | 72 | 72 | 100 % |
| Танци и народни ора | 72 | 72 | 100 % |

## Успех на учениците

| **предмети** | ученици | **успех на учениците од 4 и 5 одд.** | | | | | ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | мн.добри | добри | доволни | недоволни | |
| | | бр. | бр. | бр. | бр. | бр. | |
| Македонски јазик | 56 | 31 | 13 | 9 | 3 | 0 | 4,29 |
| Англиски јазик | 62 | 36 | 8 | 14 | 4 | 0 | 4,23 |
| Турски јазик | 6 | 4 | 0 | 1 | 1 | 0 | 4,17 |
| Македонски јазик за националности | 6 | 0 | 3 | 2 | 1 | 0 | 3,33 |
| Математика | 62 | 38 | 6 | 10 | 8 | 0 | 4,19 |
| Историја и општество | 62 | 33 | 11 | 12 | 6 | 0 | 4,15 |
| Ликовно образ. | 62 | 50 | 7 | 4 | 1 | 0 | 4,71 |
| Музичко образ. | 62 | 53 | 5 | 3 | 1 | 0 | 4,77 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ФЗО | 62 | 61 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4,95 |
| Природни науки | 62 | 35 | 14 | 10 | 3 | 0 | 4,31 |
| Техничко и Информатика | 62 | 48 | 10 | 3 | 1 | 0 | 4,69 |
| СИП 1 | 62 | 52 | 0 | 10 | 0 | 0 | 4,68 |
| СИП 2 | 62 | 59 | 0 | 3 | 0 | 0 | 4,90 |
| **Вкупно** | | **500** | **77** | **81** | **30** | **0** | **4,52** |

| предмети | ученици | Успех на учениците од 6 до 9 одд. | | | | | ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | мн.добри | добри | доволни | недоволни | |
| | | бр. | бр. | бр. | бр. | бр. | |
| Македонски јазик | 107 | 46 | 19 | 21 | 21 | 0 | 3.84 |
| Англиски јазик | 107 | 53 | 15 | 21 | 18 | 0 | 3.96 |
| Француски јазик | 107 | 38 | 17 | 14 | 38 | 0 | 3.51 |
| Математика | 107 | 29 | 15 | 27 | 36 | 0 | 3.35 |
| Историја | 107 | 30 | 18 | 23 | 36 | 0 | 3.39 |
| Географија | 107 | 57 | 21 | 24 | 5 | 0 | 4.21 |
| Граѓанско образ. | 85 | 37 | 13 | 19 | 16 | 0 | 3.84 |
| Биологија | 73 | 21 | 8 | 17 | 27 | 0 | 3.32 |
| Физика | 51 | 15 | 8 | 9 | 19 | 0 | 3.37 |
| Хемија | 51 | 14 | 7 | 10 | 20 | 0 | 3.29 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ликовно образ. | 107 | 58 | 18 | 16 | 15 | 0 | 4.11 |
| Музичко образ. | 107 | 54 | 15 | 20 | 18 | 0 | 3.98 |
| ФЗО | 107 | 71 | 22 | 6 | 8 | 0 | 4.46 |
| Природни науки | 34 | 8 | 6 | 11 | 9 | 0 | 3.38 |
| Етика | 22 | 15 | 1 | 3 | 3 | 0 | 4.27 |
| Информатика | 56 | 19 | 10 | 11 | 16 | 0 | 3.57 |
| Вештини на живеење | 22 | 15 | 2 | 3 | 2 | 0 | 4.36 |
| Танци и народни ора | 22 | 11 | 5 | 2 | 4 | 0 | 4.05 |
| Истражување на родниот крај | 29 | 21 | 5 | 2 | 1 | 0 | 4.59 |
| Техничко | 34 | 14 | 6 | 6 | 8 | 0 | 3.76 |
| Иновации | 29 | 15 | 10 | 3 | 1 | 0 | 4.34 |
| СИП 1 (КК) | 34 | 13 | 0 | 21 | 0 | 0 | 3,76 |
| СИП 2 (Г) | 34 | 34 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| **Вкупно** | | **688** | **241** | **289** | **321** | **0** | **3,84** |

| **2023-24** | ученици | **Успех на учениците од 4 до 9 одд.** | | | | | ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | мн.добри | добри | доволни | недоволни | |
| | | бр. | бр. | бр. | бр. | бр. | |
| **Вкупно** | 169 | 1188 | 320 | 367 | 352 | 0 | **4,05** |

## Дополнителна настава и додатна настава

| Одделение | Реализирани часови | Одделение | Реализирани часови |
|---|---|---|---|
| I | 270 | | |
| II | 432 | VI | 158 |
| III | 360 | VII | 154 |
| IV | 432 | VIII | 72 |
| V | 432 | IX | 169 |
| Вкупно | 1926 | Вкупно | 553 |

## Споредбени показатели за успехот на учениците од 6-9 одд.

| Одделение<br>Среден успех | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 | Учебна 2022/23 | Учебна 2023/24 |
|---|---|---|---|---|
| **VI-а** | 4.02 | 3.36 | 3,74 | 4,00 |
| **VI-б** | 3.93 | / | 4,07 | 3,67 |
| **VII-а** | 3,74 | 3.82 | 3.71 | 3,75 |
| **VII-б** | 3,78 | 3,82 | / | 4,07 |
| **VIII-а** | 3,71 | 3,81 | 3.85 | 3,67 |
| **VIII-б** | 3,78 | 3.42 | 3.83 | / |
| **IX-а** | 3,49 | 3,95 | 4,03 | 3,95 |
| **IX-б** | / | 3,86 | 3.68 | 3,91 |
| **Вкупно** | 3,89 | 3,70 | 3.84 | 3,84 |

| Споредбени показатели за успехот на учениците од 4-9 одд | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 | Учебна 2022/23 | Учебна 2023/24 |
| IV-IX | 4,06 | 3,89 | 3.89 | 4,07 | 4,05 |

| Споредбени показатели за поведението на учениците од 1-9 одд. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 | Учебна 2022/23 | Учебна 2023/24 |
| Примерно | 266 | 263 | 268 | 262 | 248 |
| Добро | / | / | / | / | / |
| Незадоволително | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 266 | 260 | 268 | 265 | 248 |

| Споредбени показатели на изостаноци на учениците од 1-9 одд. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 | Учебна 2022/23 | Учебна 2023/24 |
| Оправдани | 3317 | 2822 | 5786 | 6339 | 2754 |
| Неоправдани | 55 | 30 | 35 | 30 | 57 |
| Вкупно | 3372 | 2852 | 5821 | 6369 | 2811 |

Во склопот на реализацијата на Годишната програма се реализирани и планираните активности и содржини од програмата на Директорот на училиштето и Стручната служба, според планирањата предвидени со програмата за работа.

## 6. Соработка со родителите

Една од формите на вклучување на родителите во работата на училиштето беа родителските средби. Во соработка со родителите особено внимание се посвети на разговори со нив, родителите во секое време да соработуваат, со сите наставници, стручната служба и директорот и да даваат свое мислење и учествуваат во работата.

Родителските средби се одвиваа преку:

-Индивидуални контакти

-Родителски средби на ниво на паралелки и отворен за родители двапати во текот на едно полугодие

-Изработен е Информатор за работата на ООУ„Кочо Рацин“ Нов Дојран за учебната 2023/24 година и истиот е поделен на родителите .

КОНСТАТАЦИЈА:

Да се продолжи со современи методи и техники на работа во реализацијата на наставата како и одржување на континиутет на одржувањето на додатната и дополнителната настава како и од оваа полугодие и вон наставни активности, СУА, и работа со талентирани и надарени ученици. Да се поттикнат наставниците за посета на обуки за стручно и професионално усовршување. Училиштето систематски да ја следи редовноста на учениците и да известува за евентуалните неоправдани или оправдани отсуства на учениците. Да се анализираат причините за отсуство и навремено да се преземат конкретни мерки и активности што ќе обезбедат зголемување на редовноста кај учениците. Континуирана соработка со родителите на учениците со нессоодветно однесување и неоправдани изостаноци.

Разгледан и утврден од страна на Наставничкиот совет на седницата одржана на ден  05.07.2024 година.

Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2023/24 година го изработиле стручната служба и директорот на училиштето.

**Стручна служба:**

Жаклина Кречева

Сања Точева

**Директор:**

Мирослав  Бошнаков

Усвоен од страна на Училишниот одбор на седницата одржана на ден 18.07.2024 година.

**Претседател на Училишен одбор:**

Снежана Кортова

Разгледан и утврден од страна на Наставничкиот совет на седницата одржана на ден 05.07.2024 година.

Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2023/24 година го изработиле стручната служба и директорот на училиштето.

**Стручна служба:**

Жаклина Кречева

Сања Точева

**Директор:**

Мирослав Бошнаков

Усвоен од страна на Училишниот одбор на седницата одржана на ден 18.07.2024 година.

**Претседател на Училишен одбор:**

Снежана Кортова